ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ



## ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2023/2024 ГОДИНА

СКОПЈЕ, 2024

ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# И З В Е Ш Т А Ј

# ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2023/2024 ГОДИНА

Скопје, 2024

**Издавач:** ЈЗУ - ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Стручна обработка:** Оддел за здравствена промоција и следење на болести

**Автор:** Прим. д-р Весна Стамболиева

**Уредник:** Проф. д-р Елена Ќосевска

**Статистичка обработка:** **Центри за јавно здравје на Република Северна Македонија**

**Техничка подготовка:**

Сузана Дунгевска
Борче Андоновски

**Печати:**

**Тираж:**

## СОДРЖИНА


**ВОВЕД** 7

**I. ОБЕМ НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2023/2024 ГОДИНА** 7

а) Систематски прегледи на ученици во основни училишта 9

б) Систематски прегледи на учениците во средни училишта 11

в) Систематски прегледи на студентите 12

**II. СОДРЖИНА НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2023/2024 ГОДИНА** 12

а) Во основните училишта 12

б) Средни училишта 14

в) Студенти 15

**III. КОНСТАТАЦИИ** 16

**IV. ПРИЛОЗИ** 17

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23 и 263/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе Програма за систематските прегледи на учениците и студентите во РСМ за 2024 година,(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 17/24 од 24.01.2024), според која ЈЗУ-Институт за јавно здравје - Скопје, изготви

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2023/2024 ГОДИНА

## ВОВЕД

*Овој Извештај има за цел да ја прикаже реализацијата на целите, содржините и обемот на извршените активности предвидени со Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите за 2024 година.*

Согласно Програмата, систематските прегледи се извршуваат во зависност од возраста на учениците и студентите и тоа: во основното образование во I, III, V,VII и IX-то одделение, во средното образование во I и IV година и во високото образование во првата година.

## I. ОБЕМ НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2023/2024 ГОДИНА

Во учебната 2023/2024 година бројот на учениците од основно и средно образование, како и на студентите кои биле подлежни, согласно добиените податоци од збирните извештаи за систематски прегледи на учениците и

студентите во Република Северна Македонија за 2024 година изнесува 75280 (Табела 1).

***Табела 1***

| Година | В К У П Н О | | | ОСНОВНО УЧИЛИШ. | | | СРЕДНО УЧИЛИШТЕ | | | СТУДЕНТИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | подлежни | прегледани | | подлежни | прегледани | | подлежни | прегледани | | подлежни | прегледани | |
| | | број | % | | број | % | | број | % | | број | % |
| 2022/23 | 74373 | 65390 | 87,9 | 55443 | 48606 | 87,7 | 18670 | 16524 | 88,5 | 260 | 260 | 100 |
| 2023/24 | 75280 | 65700 | 87,3 | 56123 | 49072 | 87,4 | 19103 | 16574 | 86,8 | 54 | 54 | 100 |
| Индекс 2024/23 | 101,2 | 100,5 | | 124,1 | 100,9 | | 102,3 | 100,3 | | 20,8 | | |

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ

**Податоците во табела 1 за 2023/2024г. покажуваат зголемување на бројот на подлежни и прегледани ученици.

Со систематски прегледи во 2023/2024 година прегледани се вкупно 65700 ученици и студенти или 87,3% од подлежните. Споредено со претходната година се забележува минимално зголемување на бројот на прегледани со систематски прегледи.

Опфатеноста на учениците со систематски прегледи во основните училишта не е задоволителна и изнесува 87,4%, што е за 0,3% помала од претходната година. Опфатеноста кај учениците во средното образование изнесува 86,8% и е за 1,7% помала од претходната година. Кај студентите систематските прегледи кои се реализирани кај само 54, и тоа во Скопје ни еден, заради не комплетирање на тимот(нема офталмолог)во Студентската поликлиника кој треба да ги извршува систематските прегледи. Заради тоа студентите воопшто не се прегледувани 9.

*Во 2023/2024г. реализацијата на извршените систематски прегледи на учениците од основните училишта не е задоволителна, исто како и кај учениците од средните училишта,т.е. не се задоволува предвидениот стандард од 90-95% од подлежните.*

*Дијаграм 1 Прегледани ученици и студенти со систематски прегледи во РСМ, период 2014-2024*




| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основни училишта | 97,2% | 96,7% | 97,3% | 97,5% | 96,4% | 96,3% | 91,9% | 91,2% | 90,5% | 87,7% | 87,4% |
| Средни училишта | 94,0% | 94,0% | 95,3% | 94,0% | 86,5% | 94,8% | 94,9% | 92,7% | 86,2% | 88,5% | 86,8% |
| Студенти | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 99,9% | 100,0% | 0 | 100,0% | 100,0% |

Извор: ИЈЗ на Р.Северна Македонија

На прикажаниот дијаграм 1 се забележува дека опфатот на ученици и студенти во периодот 2014-2024 година е прилично константен, со вкупен опфат меѓу 86.2 и 100%, што значи дека во анализираниот период опфатот е во рамките на предвидениот стандард, со исклучок кај учениците во основните училишта во 2023 и 2024г. и кај учениците во средните училишта во 2018 година – 86.5%, во 2022г. – 86.2% во 2023-88,5% и во 2024г.-86,8%.

## а) Систематски прегледи на ученици во основни училишта

Во текот на 2023/2024 година систематските прегледи на учениците во основните училишта се вршени според возраста односно по одредени одделенија. Според добиените извештаи од здравствените организации за извршени прегледи и подлежни за преглед ученици, постигнат е следниот опфат на прегледаните ученици:

I одделение: од предвидените 14.460 ученици прегледани се 12.718 или 87,9% и не го задоволува општиот стандард.

III одделение: од предвидените 14.515 ученици прегледани се 12.637 или 87,1% што не го задоволува предвидениот стандард.

***Дијаграм 2 Процент на прегледани ученици со систематски прегледи во основните училишта во РСМ, 2023 и 2024***




| | I одделение | III одделение | V одделение | VII одделение |
|---|---|---|---|---|
| 2023 | 87,4% | 87,5% | 91,4% | 84,6% |
| 2024 | 87,9% | 87,1% | 87,6% | 87,1% |

Извор: ИЈЗ на Р.Северна Македонија

V одделение: од предвидените 13.321 ученици прегледани се 11.668 или 87,6%, и не е во предвидениот стандард.

VII одделение: од предвидените 13.827 ученици прегледани се 12.049 или 87.1% што не е во предвидениот стандард.
(Дијаграм 2).

> ***Опфатеноста на прегледаните ученици во III и VII одделение е најмала, споредувајќи ја со опфатеноста на учениците во другите одделенија.***

Обемот на извршените систематски прегледи во основното образование по региони е прикажан во табела 2 во прилог.

Може да се констатира дека во поголем број на региони, обемот на извршените систематски прегледи е во рамките на предвидениот стандард, со исклучок во Крива Паланка, Неготино,Скопје и Штип во кои обемот е под предвидениот стандард.

Во општините Македонски Брод, Виница, Гевгелија, Дебар, Делчево, Кавадарци, Кочани, Крушево, Кратово, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Струга, Струмица и Тетово не се реализирани систематски прегледи во оваа година, исто како и минатата.

## б) Систематски прегледи на учениците во средни училишта

Според Програмата, во средните училишта систематските прегледи се извршуваат во I и IVгодина. Во 2023/2024 година систематските прегледи се извршени во следниот обем:

I година: од предвидените 10.451 ученици, прегледани се 9.110 или 87.2% со што опфатеноста не е во рамките на предвидениот стандард.

IV година: од предвидените 8.652 ученици, прегледани се 7.464 или 86,3% со што опфатеноста не е во предвидениот стандард

(Дијаграм 3).

***Дијаграм 3 Процент на прегледани ученици со систематски прегледи во средни училишта во РСМ, 2023 и 2024***




| | 2023 | 2024 |
|---|---|---|
| I клас | 91,2% | 87,2% |
| IV клас | 85,8% | 86,3% |

Извор: ИЈЗ на Р.Северна Македонија

Во табела 3 (во прилог) даден е приказ на реализација на систематските прегледи на учениците во средните училишта по региони, од кој се гледа дека во поголем број региони не се направени, а во Куманово има и незадоволителен опфат од 74,8% .

Систематските прегледи се реализирани само во 5 општини, а во сите останати не се.

Констатација е дека состојбата на реализираните систематски прегледи на учениците во средните училишта не е задоволителна, во голем број општини не

се ни направени, затоа е потребно да се преземат напори за реализирање на истите, како и зголемување на опфатот до оптималниот стандард за регионите во кои не е исполнет.

### в) Систематски прегледи на студентите

Обемот на извршените систематски прегледи на студентите во Републиката во учебната 2023/2024 година изнесува 100%, но само на 54 студенти од Охрид. Останатите студенти не се прегледани, заради не комплетирање на тимот(нема офталмолог)во Студентската поликлиника кој треба да ги извршува систематските прегледи. Заради тоа студентите воопшто не се прегледувани.
Табела 3 (во прилог)

## *II. СОДРЖИНА НА ИЗВРШЕНИ СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2023/2024 ГОДИНА*

Од добиените извештаи за систематски прегледи може да се констатира дека најголемиот дел од содржините предвидени со Програмата во целост се застапени. Деталниот преглед на содржините на извршени систематски прегледи е прикажан во табела 4 (во прилог).

**Утврдени патолошки состојби при извршени систематски прегледи на ученици и студенти во 2023/2024 година**

### а) Во основните училишта

Деформитетите, лошото држење на телото и пречки на видот и мотилитетот, се најзастапените патолошки состојби утврдени при извршувањето на систематските прегледи кај учениците од основното образование.

***Деформитетите на ’рбетен столб и граден кош*** се евидентирани кај 8129 ученици или 16,6% од вкупно прегледаните; следат ***деформитетите на стопалото*** евидентирани кај 6501 ученик или 13,2% од прегледаните; следи ***лоша хранетост на телото*** евидентирана кај 5242 ученика и 10,7% од прегледаните; следат ***пречки на видот и мотилитетот*** кај 5117 ученици или 10,4%.

На четвртото место по застапеноста е лошото држење на телото застапена кај 2527 ученици или 5,1% од прегледаните.

Во споредба со претходната година, за сите претходно наброени патолошки состојби постои зголемување на бројот на утврдените патолошки состојби кај прегледаните ученици во 2024 во однос на 2023 година.

Деформитетите на 'рбетниот столб и градниот кош се најзастапени во III и VII одделение, а деформитетите на стопалото најмногу се застапени кај учениците од I-то и III-то одделение.

(табела 5 во прилог)

***Лоша развиеност*** на телото е забележана кај 1712 ученици или 3,5% од прегледаните. Во споредба со претходната година забележана е поголема застапеност во 2024 во однос на 2023 година - од 1,8% (дијаграм 4).

***Дијаграм 4. Утврдени патолошки состојби кај ученици во основно образование во РСМ, 2023 и 2024***




| | Лошо држење | Лоша развиеност | Лоша ухранетост | Деф.на рб.столб и гр.кош | Деф.на стопало |
|---|---|---|---|---|---|
| 2023 | 6,6 | 0,6 | 2,9 | 22,7 | 27,7 |
| 2024 | 5,1 | 3,5 | 10,7 | 16,6 | 13,2 |

Извор: ИЈЗ на Р.Северна Македонија

Кај 5117 ученици или 10,4% од прегледаните се најдени пречки на видот и мотилитетот, што е поголема застапеност во споредба со претходната година, кога биле евидентирани кај 1766 од прегледаните; конгенитални срцеви аномалии се најдени кај 50 или 0,1% (за 12 помалку во споредба со претходната година), а стекнати кај 12 ученици.

***Вошливоста*** е евидентирана кај 15 ученици, додека ***недоволната хигиена на телото*** е констатирана кај 647 или 1,3% од прегледаните ученици, што е за 43,5% повеќе во споредба со претходната година.

***Лабораториските прегледи*** на крвта за хемоглобин, според доставените извештаи, се извршени кај 72,4% од прегледаните ученици. При тоа е најден хемоглобин под 10 гр.% кај 1594 ученици или 3,2% од прегледаните на хемоглобин, што е повеќе во споредба со претходната година (1284)

Преглед на урина е извршен кај 21690 ученици или 44,2% од вкупно прегледаните, при што е најден албумен кај 495 ученици или 1% од прегледаните на албумен во урина. Претходната година, преглед за присуството на албумен во урината бил извршен кај вкупно 3997 ученици, или 53,7% од прегледаните; албумен бил детектиран кај 1% од прегледаните.

При ***стоматолошките прегледи*** најден е кариес кај 6646 ученици или 13,5% од прегледаните што е повеќе во споредба со претходната година. Ортодонтските аномалии се најдени кај 1860 ученици или 3,8% од прегледаните, што е за 980 или 111% повеќе во споредба со претходната година.

## *б) Средни училишта*

Кај учениците од средните училишта од најдените патолошки состојби најзастапени се ***деформитетите на рбетниот столб и градниот кош*** кај 2057 ученици или 12,4% од вкупно прегледаните; следат ***деформитетите на стопалото*** кај 1383 ученици или 8,3% од прегледаните; потоа се ***пречките на видот и мотилитетот*** кај 1349 или 8,1% од прегледаните. Кај помладите возрасти на учениците, односно учениците од основните училишта застапеноста на вакви најдени пречки е дури четири пати поголема.

***Лошото држење на телото*** биле констатирани кај 1342 ученици или 8,1% од вкупно прегледаните.

***Конгенитални срцеви аномалии*** најдени се кај 38 ученици или 0,2%, додека ***стекнати*** кај 7 од прегледаните ученици.

***Вошливоста*** не е констатирана кај прегледаните ученици, исто како и во минатата година.

(Табела 6, дијаграм 5).

***Лабораториски прегледи*** на крв за хемоглобин се извршени кај 10294 ученици или 62,1% од прегледаните, при што е најден ***хемоглобин*** под 10 гр.% кај 364 ученици или 2,2% од прегледаните на хемоглобин (472 или 8.3% во претходната година).

***Дијаграм 5 Утврдени патолошки состојби кај ученици во средни училишта во РСМ, 2023 и 2024***




| | Лошо држење | Лоша развиеност | Лоша ухранетост | Деф.на рб.столб и гр.кош | Деф.на стопало |
|---|---|---|---|---|---|
| 2023 | 1,9 | 0,5 | 0,7 | 14,1 | 5,7 |
| 2024 | 8,1 | 1,9 | 6,8 | 12,4 | 8,3 |

Извор: ИЈЗ на Р.Северна Македонија

Кај 4324 ученици или 26,1% (317 или 5,6% во минатата година) е извршен преглед на ***албумен во урина***, а позитивен албумен е најден кај 99 ученици или 0,6% од прегледаните на албумен (6 или 0,1% во претходната година).

При извршените ***стоматолошки прегледи*** кариес е најден кај 2189 ученик или 13,2% од прегледаните (761 или 13,3% е најдениот ***кариес*** кај учениците од претходната година). ***Ортодонтските аномалии*** се регистрирани кај 601 ученик или 3,6% (291 или 5.1% се регистрирани во минатата година).

Табела 6, дијаграм 5

## в) *Студенти*

Систематските прегледи на студентите во Републиката во учебната 2023/2024 година не се реализирани, поради не комплетирање на тимот за извршување на систематски преглед (нема офталмолог) во Студентската поликлиника. Заради тоа студентите воопшто не се прегледани.

# III. КОНСТАТАЦИИ

1. Од добиените податоци од здравствените установи за реализирани систематски прегледи според Програмата за систематски прегледи за 2023/2024година, прегледани се вкупно 65700 ученици или 87,3% од подлежните, и не го задоволува предвидениот стандард од 90-95%. И во претходната година опфатеноста не задоволува и изнесувала 87,9%. Кај учениците во основното образование изнесува 87.4%, додека кај учениците во средното образование изнесува 86,8%. Кај студентите систематските прегледи не се пријавени дека се реализирани, поради не комплетирање на тимот за извршување на систематски преглед (нема офталмолог) во Студентската поликлиника.

2. Констатација е дека состојбата на реализираните систематски прегледи на учениците во средните училишта не е задоволителна, и потребно е да се преземат напори за зголемување на опфатот до оптималниот стандард за регионите во кои не е исполнет.

3. Предвидените содржини на систематските прегледи според Програмата не задоволуваат во поглед на лабораториските испитувања (на крв -хемоглобин, урина-албумен и фецес за цревни паразити) кои се извршуваат во недоволен обем или воопшто не се извршуваат во некои региони.

4. Се ова гореизложеното наметнува, преземање мерки за подобрување на спроведувањето на Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти, посебно во однос на последователната опфатеност на учениците и студентите во здравствените ординации со цел за санирање на најдените состојби.

5. Со оглед на промените во образовниот систем и воведување на 9-то одделение во основното образование, неопходно е Министерството за здравство на РСМ да превземе активности за да се направи промена на збирниот образец за евиденција на систематски прегледи кај ученици и студенти.

# IV. ПРИЛОЗИ

***Табела 2*** Извршени систематски прегледи на ученици во основните училишта во Република Северна Македонија во 2024 година

| | Вкупно подлежни | Прегледани | | Одделенија | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број | % | I одд. | III одд. | V одд. | VII одд. |
| Р.МАКЕДОНИЈА | 56123 | 49072 | 87,4 | 12718 | 12637 | 11668 | 12049 |
| Берово | 120 | 120 | 100,0 | 15 | 26 | 24 | 55 |
| Битола | 1590 | 1466 | 92,2 | 758 | 0 | 708 | 0 |
| Мак.Брод | 188 | 188 | 0,0 | 48 | 32 | 38 | 70 |
| Валандово | 384 | 384 | 100,0 | 97 | 88 | 97 | 102 |
| Велес | 1460 | 1460 | 100,0 | 0 | 351 | 363 | 746 |
| Виница | 458 | 439 | 0,0 | 77 | 95 | 71 | 196 |
| Гевгелија | 103 | 103 | 0,0 | 23 | 25 | 32 | 23 |
| Гостивар | 1905 | 1766 | 92,7 | 429 | 500 | 408 | 429 |
| Дебар | 763 | 763 | 0,0 | 178 | 197 | 191 | 197 |
| Делчево | 436 | 432 | 0,0 | 88 | 85 | 70 | 189 |
| Д.Хисар | 105 | 105 | 100,0 | 43 | 0 | 62 | 0 |
| Кавадарци | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кичево | 326 | 326 | 100,0 | 326 | 0 | 0 | 0 |
| Кочани | 1128 | 989 | 0,0 | 204 | 205 | 212 | 368 |
| Кратово | 185 | 175 | 0,0 | 26 | 55 | 42 | 52 |
| Кр.Паланка | 707 | 625 | 88,4 | 131 | 163 | 168 | 163 |
| Крушево | 255 | 255 | 0,0 | 58 | 70 | 77 | 50 |
| Куманово | 4138 | 3823 | 92,4 | 1011 | 950 | 954 | 908 |
| Неготино | 360 | 308 | 85,6 | 140 | 151 | 0 | 17 |
| Охрид | 1630 | 1630 | 100,0 | 326 | 432 | 399 | 473 |
| Прилеп | 2071 | 2071 | 0,0 | 515 | 570 | 472 | 514 |
| Пробиштип | 507 | 483 | 0,0 | 170 | 87 | 109 | 117 |
| Радовиш | 245 | 233 | 0,0 | 51 | 64 | 63 | 55 |
| Ресен | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Св.Николе | 139 | 131 | 94,2 | 28 | 36 | 25 | 42 |
| Скопје | 28771 | 23351 | 81,2 | 6219 | 6187 | 5340 | 5605 |
| Струга | 432 | 423 | 0,0 | 100 | 128 | 109 | 86 |
| Струмица | 2899 | 2674 | 0,0 | 668 | 700 | 710 | 596 |
| Тетово | 2692 | 2441 | 0,0 | 587 | 654 | 598 | 602 |
| Штип | 2126 | 1908 | 89,7 | 402 | 786 | 326 | 394 |

*Пехчево е собрано со Берово
* Ростуше е собрано со Гостивар
Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ

***Табела 3*** Извршени систематски прегледи на ученици во средни училишта и студенти во Република Северна Македонија во 2024 година

| | Вкупно подлежни | Средни училишта | | | | Студенти | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Прегледани | | I клас | IV клас | Прегледани | | |
| | | Број | % | | | Подлежни | Број | % |
| Р.МАКЕДОНИЈА | 19103 | 16574 | 86,8 | 9110 | 7464 | 54 | 54 | 100,0 |
| Берово | 13 | 13 | 100,0 | 0 | 13 | | | |
| Битола | 883 | 797 | 90,3 | 0 | 797 | | | |
| Мак.Брод | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Валандово | 91 | 91 | 100,0 | 42 | 49 | | | |
| Велес | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Виница | 103 | 102 | 0,0 | 60 | 42 | | | |
| Гевгелија | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Гостивар | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Дебар | 302 | 299 | 0,0 | 140 | 159 | | | |
| Делчево | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Д.Хисар | 74 | 74 | 0,0 | 38 | 36 | | | |
| Кавадарци | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Кичево | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Кочани | 360 | 335 | 0,0 | 159 | 176 | | | |
| Кратово | 80 | 80 | 0,0 | 44 | 36 | | | |
| Кр.Паланка | 261 | 241 | 0,0 | 111 | 130 | | | |
| Крушево | 58 | 58 | 0,0 | 34 | 24 | | | |
| Куманово | 2184 | 1633 | 74,8 | 954 | 679 | | | |
| Неготино | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Охрид | 1000 | 1000 | 100,0 | 468 | 532 | 54 | 54 | 100,0 |
| Прилеп | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0 | | | |
| Пробиштип | 124 | 124 | 0,0 | 64 | 60 | | | |
| Радовиш | 245 | 221 | 0,0 | 123 | 98 | | | |
| Ресен | 113 | 113 | 0,0 | 56 | 57 | | | |
| Св.Николе | 165 | 153 | 0,0 | 67 | 86 | | | |
| Скопје | 5511 | 4652 | 0,0 | 3242 | 1410 | | | |
| Струга | 1050 | 1050 | 0,0 | 604 | 446 | | | |
| Струмица | 1155 | 1040 | 0,0 | 598 | 442 | | | |
| Тетово | 3338 | 2789 | 0,0 | 1454 | 1335 | | | |
| Штип | 1993 | 1709 | 0,0 | 852 | 857 | | | |

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ

***Табела 4*** Содржина на извршени систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија во 2024 година

| Утврдена состојба | | | Основни | | Средни | | Студенти | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | мажи | жени | мажи | жени | мажи | жени |
| Вкупно прегледани | | | 24997 | 24075 | 8253 | 8321 | 20 | 34 |
| Чистота на телото | добра | | 24689 | 23736 | 8103 | 8180 | 20 | 34 |
| | лоша | | 308 | 339 | 150 | 141 | 0 | 0 |
| Вошливост | | | 4 | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Држење на телото | добра | | 23686 | 22859 | 7417 | 7815 | 20 | 34 |
| | лоша | | 1311 | 1216 | 836 | 506 | 0 | 0 |
| Развиеност на телото | добра | | 22151 | 21548 | 7396 | 7482 | 20 | 34 |
| | средна | | 1905 | 1756 | 718 | 345 | 0 | 0 |
| | лоша | | 941 | 771 | 121 | 105 | 0 | 0 |
| Хранетост на телото | добра | | 20391 | 19925 | 7418 | 7681 | 20 | 34 |
| | средна | | 1762 | 1752 | 158 | 183 | 0 | 0 |
| | лоша | | 2844 | 2398 | 677 | 457 | 0 | 0 |
| Деформации на рбетниот столб | кифоза | неозначена | 1252 | 853 | 376 | 227 | 0 | 0 |
| | | изразена | 90 | 79 | 14 | 10 | 0 | 0 |
| | сколиоза | неозначена | 1830 | 1593 | 420 | 346 | 0 | 0 |
| | | изразена | 88 | 108 | 83 | 97 | 0 | 0 |
| | лордоза | неозначена | 143 | 145 | 13 | 56 | 0 | 0 |
| | | изразена | 9 | 12 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| Дефор.на град.кош | | | 1194 | 733 | 308 | 106 | 0 | 0 |
| Дефор.на стопалото | | | 3624 | 2877 | 738 | 645 | 0 | 0 |
| Дефор.на др.делови на костурот | еднострано | | 320 | 254 | 68 | 83 | 0 | 0 |
| | двострано | | 20 | 33 | 72 | 129 | 0 | 0 |
| Пречки на видот и мотилитет | страбизам | | 1081 | 1235 | 309 | 257 | 0 | 0 |
| | нистагмус | | 1048 | 1128 | 178 | 248 | 0 | 0 |
| | слеп.за бои | | 320 | 305 | 144 | 213 | 0 | 0 |
| Оштетување на слухот | еднострано | | 45 | 42 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| | двострано | | 3 | 2 | 9 | 9 | 0 | 0 |
| Кариес | I степен | | 2372 | 2251 | 965 | 877 | 0 | 0 |
| | II степен | | 1046 | 977 | 177 | 170 | 0 | 0 |
| Парадентопатија | | | 9 | 11 | 48 | 45 | 0 | 0 |
| Ортодонски аномалии | | | 970 | 890 | 287 | 314 | 0 | 0 |
| Срцеви мани | конгенит. | | 25 | 25 | 17 | 21 | 0 | 0 |
| | стечени | | 6 | 6 | 5 | 2 | 0 | 0 |
| Психич.развиеност | | | 122 | 59 | 20 | 6 | 0 | 0 |
| Говорни мани | | | 396 | 209 | 34 | 5 | 0 | 0 |
| Хемоглобин | под 10 гр% | | 812 | 781 | 112 | 252 | 0 | 0 |
| | 10 - 13 гр% | | 10643 | 10890 | 2679 | 2858 | 0 | 0 |
| | над 13 гр% | | 8767 | 7848 | 2699 | 1694 | 0 | 0 |
| Албумин во уреата | позитивен | | 256 | 239 | 72 | 27 | 0 | 0 |
| | негативен | | 10795 | 10400 | 2345 | 1880 | 0 | 0 |
| Измет на цревни паразити | позитивен | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | негативен | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Алергиски заболувања | да | | 6 | 5 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| | не | | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Сите останати хрон.патолошки состојби | | | 379 | 274 | 207 | 139 | 0 | 0 |

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ

***Табела 5*** Утврдена сосотојба при извршени систематски прегледи на ученици во основни училишта во Република Северна Македонија во 2024 година

| Утврдена состојба | Основни училишта | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | | I одд. | | III одд. | | V одд. | | VII одд. | |
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| Вкупно прегледани | 49072 | 100,0 | 12718 | 100 | 12637 | 100 | 11668 | 100 | 12049 | 100 |
| Чистота на телото - лоша | 647 | 1,3 | 54 | 0,4 | 198 | 1,6 | 192 | 1,6 | 203 | 1,7 |
| Вошливост | 15 | 0,0 | 4 | 0,0 | 8 | 0,1 | 2 | 0,0 | 1 | 0,0 |
| Држење на телото - лоша | 2527 | 5,1 | 507 | 4,0 | 546 | 4,3 | 761 | 6,5 | 713 | 5,9 |
| Развиеност на телото - лоша | 1712 | 3,5 | 324 | 2,5 | 424 | 3,4 | 457 | 3,9 | 507 | 4,2 |
| Хранетост на телото - лоша | 5242 | 10,7 | 1098 | 8,6 | 1283 | 10,2 | 1545 | 13,2 | 1316 | 10,9 |
| Дефор.на рбет.столб и град кош | 8129 | 16,6 | 1546 | 12,2 | 2205 | 17,4 | 2183 | 18,7 | 2195 | 18,2 |
| Дефор.на стопалото | 6501 | 13,2 | 2298 | 18,1 | 1528 | 12,1 | 1516 | 13,0 | 1159 | 9,6 |
| Дефор.на други делови | 627 | 1,3 | 255 | 2,0 | 133 | 1,1 | 153 | 1,3 | 86 | 0,7 |
| Пречки на видот и мотилитет | 5117 | 10,4 | 1109 | 8,7 | 1399 | 11,1 | 1271 | 10,9 | 1338 | 11,1 |
| Оштетување на слухот | 92 | 0,2 | 8 | 0,1 | 20 | 0,2 | 12 | 0,1 | 52 | 0,4 |
| Кариес | 6646 | 13,5 | 1671 | 13,1 | 1853 | 14,7 | 1514 | 13,0 | 1608 | 13,3 |
| Парадентопатија | 20 | 0,0 | 6 | 0,0 | 0 | 0,0 | 2 | 0,0 | 12 | 0,1 |
| Ортодонски аномалии | 1860 | 3,8 | 174 | 1,4 | 492 | 3,9 | 608 | 5,2 | 586 | 4,9 |
| Срцеви Конгенитални | 50 | 0,1 | 13 | 0,1 | 17 | 0,1 | 5 | 0,0 | 15 | 0,1 |
| мани Стечени | 12 | 0,0 | 9 | 0,1 | 3 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Психичка развиен.недоболна | 181 | 0,4 | 62 | 0,5 | 50 | 0,4 | 43 | 0,4 | 26 | 0,2 |
| Говорни мани | 605 | 1,2 | 327 | 2,6 | 120 | 0,9 | 107 | 0,9 | 51 | 0,4 |
| Хемо- Под 10гр% | 1594 | 3,2 | 332 | 2,6 | 700 | 5,5 | 211 | 1,8 | 351 | 2,9 |
| глобин Вк.прегледани | 35520 | 72,4 | 10220 | 80,4 | 5838 | 46,2 | 9683 | 83,0 | 9779 | 81,2 |
| Албумен Позитивен | 495 | 1,0 | 138 | 1,1 | 99 | 0,8 | 102 | 0,9 | 156 | 1,3 |
| во урина Вк.прегледани | 21690 | 44,2 | 5265 | 41,4 | 5792 | 45,8 | 4944 | 42,4 | 5689 | 47,2 |
| Измет на цревни паразити | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Алергиски Да | 11 | 0,0 | 2 | 0,0 | 2 | 0,0 | 4 | 0,0 | 3 | 0,0 |
| заболувања Вк.прегледани | 15 | 0,0 | 2 | 0,0 | 3 | 0,0 | 6 | 0,1 | 4 | 0,0 |
| Сите ост.хрон.патол.состојби | 653 | 1,3 | 204 | 1,6 | 135 | 1,1 | 157 | 1,3 | 157 | 1,3 |

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ

***Табела 6*** Утврдена сосотојба при извршени систематски прегледи на ученици во средни училишта и студенти во Република Северна Македонија во 2024 година

| Утврдена состојба | Средни училишта | | | | | | Студенти | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | | I клас | | IV клас | | Број | % |
| | Број | % | Број | % | Број | % | | |
| Вкупно прегледани | 16574 | 100 | 9110 | 100 | 7464 | 100 | 54 | 100 |
| Чистота на телото - лоша | 291 | 1,8 | 148 | 1,6 | 143 | 1,9 | 0 | 0,0 |
| Вошливост | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Држење на телото - лоша | 1342 | 8,1 | 673 | 7,4 | 669 | 9,0 | 0 | 0,0 |
| Развиеност на телото - лоша | 308 | 1,9 | 168 | 1,8 | 140 | 1,9 | 0 | 0,0 |
| Хранетост на телото - лоша | 1134 | 6,8 | 665 | 7,3 | 469 | 6,3 | 0 | 0,0 |
| Дефор.на рбет.столб и град кош | 2057 | 12,4 | 1267 | 13,9 | 790 | 10,6 | 0 | 0,0 |
| Дефор.на стопалото | 1383 | 8,3 | 977 | 10,7 | 406 | 5,4 | 0 | 0,0 |
| Дефор.на други делови | 352 | 2,1 | 155 | 1,7 | 197 | 2,6 | 0 | 0,0 |
| Пречки на видот и мотилитет | 1349 | 8,1 | 743 | 8,2 | 606 | 8,1 | 0 | 0,0 |
| Оштетување на слухот | 21 | 0,1 | 19 | 0,2 | 2 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Кариес | 2189 | 13,2 | 1060 | 11,6 | 1129 | 15,1 | 0 | 0,0 |
| Парадентопатија | 93 | 0,6 | 48 | 0,5 | 45 | 0,6 | 0 | 0,0 |
| Ортодонски аномалии | 601 | 3,6 | 395 | 4,3 | 206 | 2,8 | 0 | 0,0 |
| Срцеви Конгенитални | 38 | 0,2 | 19 | 0,2 | 19 | 0,3 | 0 | 0,0 |
| мани Стечени | 7 | 0,0 | 6 | 0,1 | 1 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Психичка развиен.недоболна | 26 | 0,2 | 8 | 0,1 | 18 | 0,2 | 0 | 0,0 |
| Говорни мани | 39 | 0,2 | 14 | 0,2 | 25 | 0,3 | 0 | 0,0 |
| Хемо- Под 10гр% | 364 | 2,2 | 260 | 2,9 | 104 | 1,4 | 0 | 0,0 |
| глобин Вк.прегледани | 10294 | 62,1 | 5829 | 64,0 | 4465 | 59,8 | 0 | 0,0 |
| Албумен Позитивен | 99 | 0,6 | 62 | 0,7 | 37 | 0,5 | 0 | 0,0 |
| во урина Вк.прегледани | 4324 | 26,1 | 2942 | 32,3 | 1382 | 18,5 | 0 | 0,0 |
| Измет на цревни паразити | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Алергиски Да | 3 | 0,0 | 0 | 0,0 | 3 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| заболувања Вк.прегледани | 3 | 0,0 | 0 | 0,0 | 3 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Сите ост.хрон.патол.состојби | 346 | 2,1 | 177 | 1,9 | 169 | 2,3 | 0 | 0,0 |

Извор: ЦЈЗ и ИЈЗ на РСМ